ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-461/8
Дата, Data 13. 02. 2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018) в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација-Скопје донесува

# О Д Л У К А

за неВршење на избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за работното место 1. **Советник за финансиско планирање и анализа, во Одделение за финансиско планирање и анализа, во Сектор Финансии, сметководство и комерција со шифра КДР0102В01059, ниво В01, 1 (еден) извршител.**

2. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 02.02.2026 година на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје и веб страницата на Агенција за администрација, објавен е интерен оглас бр.02/2026 за пополнување на работното место за Советник за финансиско планирање и анализа, во Одделение за финансиско планирање и анализа, во Сектор Финансии, сметководство и комерција, со шифра КДР0102В01059, ниво В01, 1 (еден) извршител со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение за формирање Комисија за селекција за унапредување бр.0401-461/6 од 11.02.2026 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавата и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на огласот вкупно е пријавен 1 (еден) кандидат од кој истиот е со неуредна документација и за тоа состави записник од административна селекција бр.0401-461/7 од 12.02.2026 година кој го достави до в.д. Директорот. Неуредноста на кандидатот се однесува на тоа што **кандидатот не го исполнува условот за соодветно образование односно завршен VII/1 степен економски науки според барањето во објавениот интерен оглас и Правилникот за систематизација на работните места на претпријатието.**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

ЈП Водовод и канализација-Скопје
в.д. Директор
М-р Иван Митровски

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Пријавениот кандидат
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива

Изработил: Марија Ѓорѓиева
Контролирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов